Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 27.12.2022 год. донесе:

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР – за 2023 година

на ОПШТИНА НОВАЦИ

МОЖЕН ДАТУМ	БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ	ОДГОВОРНСТ
1-30 Септември	Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РМ, кој им го доставува на општините.	Закон за буџетите Сл.в. 54/05, 04/08,103/08, 156/09, 95/10, 180/11 171/12, 192/15, 167/16 и 151/21 Закон за финансирање на ЕЛС Сл. в. 61/04 , 96/04 , 67/07 , 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22
5 октомври	Градоначалникот и Раководителот на Одделението за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година.	Градоначалник Раководител на Одделението за финансиски прашања
10 октомври	Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до одделенијата и буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби.	Раководител на Одделението за финансиски прашања

25 октомври	Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Раководителот на Одделението за финансиски прашања од останатите одделенија и буџетски корисници.	Раководители на одделенија Буџетски корисници
30 октомври	а. Се собираат буџетските барања б. Барањата се анализираат и усогласуваат в. Се изготвува билансот на приходи г. Се изготвува билансот на расходи	Раководител на Одделението за финансиски прашања
10 ноември	Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-буџетот подготвен од Раководителот на Одделението за финансиски прашања	Градоначалник
25-30 ноември	Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува првпат од Советот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања.	Совет на Општината
до 5 декември	Се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот	Градоначалник
20 декември	Се води расправа во телата на Советот на Општината	Комисија за финансирање и буџет
24-31 декември	1. Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година. 2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот донесува одлука за времено финансирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС Член 28 став 2.	Совет на Општината
1 јануари	Започнува новата буџетска година	

Совет на Општина Новаци

Претседател

Славица Најдовска-Стојковска